РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-1229/56
Датум: 20.6.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и член 72 од Правилата за студирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Факултетот за електротехника и информациски технологии-Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.6.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. На сите студенти запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во **прва година** во учебната **2018/2019** година им се дава стипендија во висина од надоместок на партиципацијата во износ од 200 евра, во денарска противвредност кои како ученици:
   - во текот на своето средно образование освоиле прво место/награда на акредитирани државни натпревари или на државната смотра на Народна техника по некои од следниве предмети: математика, физика, информатика, електротехника, автоматика или од други области што се негуваат на Факултетот;
   - во текот на своето средно образование освоиле прва, втора или трета награда на меѓународни олимпијади на знаења, балкански или светски првенства по некои од следниве предмети: математика, физика или информатика.
2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при уписот да приложат оргинал документ за освоеното место на соодветниот натпревар.
3. На секој корисник на стипендијата утврдена со оваа одлука му се издава посебно решение. Примерок од решението се чува и во досието на студентот.
4. Одлуката да се достави до: Службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата на факултетот, ННС, продеканот за настава, секретарот и архивата на Факултетот.

ДЕКАН

Проф. д-р Димитар Ташковски